Агенција за промоција и поддршка
на туризмот на Република Македонија
Бр. 02-703/5
07.11 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 2 точка а потточка 2 од Програмата на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам за 2018 година ("Службен весник" на Република Македонија бр. 21/2018 и 111/2018) и врз основа на член 14 став 1 алинеја 9 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот ("Службен весник" на Република Македонија бр. 103/08, 59/12, 156/10, 187/13, 41/2014 и 83/2018), директорот на агенцијата донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ПРИ ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИНФОРМАТИВНИ ПАТУВАЊА НА СТРАНСКИТЕ ТУРОПЕРАТОРИ И НОВИНАРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ

## I.ОПШТИ УСЛОВИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите, начинот и постапката при организација на информативни патувања на странските туроператори и новинари во Република Македонија.

### Член 2

Пропишувањето на условите, начинот и постапката при организација на информативни патувања на странските туроператори и новинари во Република Македонија е со цел ефикасно и професионално реализирање на промотивните тури, а чиј организатор е Агенцијата за промоција и поддршка на туризам.(во понатамошен текст Агенција).

### Член 3

Право на барање за организирање на информативните патувања, имаат Туристички агенции и Туроператори од странство кои работат на донесување на туристи во Република Македонија, потоа новинари(медиуми), кои работат на промоција на туристичките потенцијали на Република Македонија(во понатамошниот текст: странки) или од страна на самата Агенција, за инфо-тури кои се однесуваат на запознавање и промоција на туристичките потенцијали на државата.

## II. НАЧИН НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИНФОРМАТИВНИ ПАТУВАЊА НА СТРАНСКИТЕ ТУРОПЕРАТОРИ И НОВИНАРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 4

Процесот за организирање на информативни патувања започнува по барање на некоја од странките од Член 3 од овој Правилник, или по одлука на Агенцијата, ако одлучи

дека се во интерес на презентацијата на туристичката понуда на Република Македонија на тој емитивен пазар.

Член 5

Странките од Член 3 од овој Правилник, за исполнување на условите за организација на промотивната тура, со барањето треба да ги достават следните документи:

- Приложена копија од лиценца за работа на странките од Член 3 од овој Правилник
- Предлог на организација за предвидената тура – согласно постапката од член 9;
- Репрезентација со податоци и Е-маил листа од учесниците на турата, наведени во апликационата форма во прилог
- Краток текстуален опис за целта на патувањето со информации за земјата од каде ќе бидат учесниците.(писмо за интерес, заверено со печат и потпис на странките од Член 3 од овој Правилник )

Член 6

За самото организирање на овие информативни патувања потребно е претходно да се обезбедени финансиски средства во самата програма за работа на Агенцијата од Член 2 на овој Правилник, како и да се собрани доволен број на информации за релевантноста на на странките од Член 3 од овој Правилник , за кои ќе се организира тоа патување.

Член 7

Доколку во текот на годината има голем број на барања и постапки за организирање на вакви информативни патувања, организаторот ќе направи дополнително истражување и анализа за тоа кои странки и од кои емитивни пазари се интересни како целна група, и истите ќе бидат поканети на овие патувања.

## III. ПОСТАПКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИНФОРМАТИВНИ ПАТУВАЊА НА СТРАНСКИТЕ ТУРОПЕРАТОРИ И НОВИНАРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 8

Постапката за организација на информативни патувања на странките од член во Република Македонија, ја започнува Одделението за промоција, маркетинг и меѓународна соработка во самата Агенција кое е задолжено за организирање на ваквите патувања.

До Директорот на Агенцијата, од Член 2 на овој Правилник (организаторот) се доставуваат бараните документи од член 5 на овој Правилник.

Член 9

Потребните документи од член 5 се доставува електронски, по пошта или до архивата на Агенцијата од Член 2 на овој Правилник и тоа во рок од 30 дена, пред реализација на информативното патување.

Агенцијата од Член 2 на овој Правилник, го задржува правото на проценка за значењето на организираното информативно патување и ќе се произнесе во

разумен рок, по приемот на барањето со комплетна документација, дали го прифаќа барањето.

Член 10

Барателот на информативно патување е должен по организираниот настан да достави до Агенцијата извештај за ефикасноста на информативното патување со податоци за заинтересираност и ставање на туристичката понуда на Република Македонија во нивна програма за патување.

Член 11

Агенцијата од Член 2 на овој Правилник, обезбедува покривање на трошоци кои се однесуваат на:

- Обезбедување на возило и шофер за време на организираната тура;
- Обезбедување на туристички водич на дневна база;
- Обезбедување на сместување на база на ноќевање со доручек, полупансион или полн пансион во некој од категоризираните хотелите во државата и други сместувачки капацитети(минимум да се соберат 3(три) понуди;
- Обезбедување на ресторантски услуги во ресторани при што однапред ќе се дефинира менито(пред резервација ) и ќе постои можност за замена на менито во ресторанот, но во рамките на веќе дефинираната цена(минимум да се соберат 3(три) понуди со различно мени;
- При достава на фактурите од рестораните и хотелите, секогаш да има сметка со опис на услугите и потпис на овластен претставник од Агенцијата од Член 2 на овој Правилник;
- Должината на престојот е за максимум од 3 ноќевања за гостите кои доаѓаат од Европската зона и максимум 5 ноќевања за гости кои доаѓаат од земјите надвор од Европската зона;
- Закажување на бизнис средби и состаноци со туристичките работници и туристичкото стопанство во Македонија.

Член 12

Бројот на учесници во патувањето ќе се определи од страна на Агенцијата од Член 2 на овој Правилник(организаторот), по претходни консултации и доставените информации во барањето за инфо-турата.

Член 13

Агенцијата од Член 2 на овој Правилник(организаторот), го задржува правото дополнително да одлучува за бројот на учесниците во промотивната тура, и рокот на доставување на потребните документи од член 5 на овој Правилник.

Член 14

Овој Правилник стапува во сила на денот на неговото објавување на огласната табла на Агенцијата од Член 2 на овој Правилник.

Член 15

Со стапување во сила на овој Правилник , престанува да важи Стариот Правилник со архивски број 02-880/3 од 30.11.2015 година.

Директор,

Љупчо Јаневски